МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ОДНОСОТ КОН ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ /СЕКУЛАРНИТЕ/ ВРЕДНОСТИ

Скопје, мај 2009

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

МЦМС

# ОДНОСОТ КОН ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ / СЕКУЛАРНИТЕ ВРЕДНОСТИ

*Скопје, мај 2009 г.*

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Сашо Клековски, прв извршен директор

**Автор**
Сашо Клековски

**Лектура**
Даниел Медароски

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразува ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Copyright © 2009 Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Скопје. Сите права се задржани.

# Содржина

**ВОВЕД** ..... 4

**Позадина** ..... 4

**Термини и дефиниции** ..... 4

**Методологија и пристап** ..... 5

**ОДНОСОТ КОН ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ/ СЕКУЛАРНИТЕ ВРЕДНОСТИ** ..... 6

**Заклучоци** ..... 9

**Библиографија** ..... 10

# ВОВЕД

## Позадина

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата **„Односот кон традиционалните/секуларните вредности“.**

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ), чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

## Термини и дефиниции

Во мерењето на главните подрачја на човечкиот интерес, од религија до политика, до економија и социјален живот, две димензии доминираат со сликата: традиционални/ секуларни или рационални вредности и вредности за опстанок/ самоодразување (Инглехарт, 1977, 2000).

Димензијата на традиционалните/ секуларните рационални вредности ја одразува контраста меѓу општества во кои религијата е многу важна и во кои таа не е важна. Широк ранг на други прашања се тесно поврзани со оваа димензија. Општествата блиски до традиционалните општества ја нагласуваат важноста на односите родител-дете, почит (послушност) кон авторитетот, заедно со апсолутни стандарди и традиционални семејни вредности, и ги одбиваат разводот, абортусот, еутаназијата и самоубиството. Овие општества имаат високо ниво на национална гордост и националистички поглед. Општествата со секуларни рационални вредности имаат спротивни избори во однос на сите овие точки.

Социјален конзерватизам е политичка или морална идеологија која верува дека владата има улога во поттикнувањето или спроведувањето на традиционалните вредности и однесувања, засновано на вербата дека тоа ги чува луѓето цивилизирани и пристојни. Но, прифатеното значење на традиционалниот морал се разликува од општество до општество. Затоа нема универзални политики и позиции меѓу социјалните конзервативци. Како и да е, има одреден број принципи кон кои се придржуваат социјалните конзервативци: се за позиција на проживот по прашањето на абортусот, се против истражувањата со матични клетки, поддржуваат смртна казна, се спротивставуваат на истополни бракови и нивно право на посвојување деца, промовираат јавен морал и традиционални семејни вредности, се спротивставуваат на секуларизмот и приватноста на верата, поддржуваат забрана на дрога, сексуална работа (проституција) и еутаназија, поддржуваат цензура на порнографија итн. И покрај постоењето принципи на социјалниот конзерватизам, илустрација за разликите од едно до друго општество е неоправдувањето на хомосексуалноста, кое во одредени контексти значи неприфаќање на истополови бракови, а во други контексти значи дека хомосексуалноста е криминално (кривично) дело.

Во истражувањето се користи терминот проституција, кој се смета за дискриминаторски, како појаснување на терминот сексуална работа.

# Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со усна анкета (очи во очи) во домаќинствата во март 2009 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници.

## Прашалник

Прашањата беа зададени како дел од глобалното истражување на Цивикус - Индексот на граѓанското општество, а дополнети и приспособени од авторот и од проектниот тим на МЦМС, во соработка со стручни лица од ИСППИ. Со прашалникот беа опфатени следните варијабли:

- Степен на оправданост на разводот, абортусот, еутаназијата, хомосексуалноста, самоубиството, сексуалната работа (проституцијата) и домашното насилство;
- Социо-демографски карактеристики.

## Примерок

Анкетата беше спроведена во март 2009 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Исто така се внимаваше на изборот на испитаници и по други критериуми, како што се образованието, религиската припадност и сл.

Од 1.600 испитаници, 49,6 % беа жени, а 50,4 % мажи, во однос на етничката застапеност 63,8 % од испитаниците беа етнички Македонци, а 24,1 % етнички Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 12,1 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 41,2 %, додека градската со 58,8 % (градот Скопје со 21,3%).

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со степен на доверба од 95 % и со грешка (ниво на значајност) +/- 5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

## Работна група

МЦМС вклучи неколку свои соработници во сите фази на истражувањето: Сашо Клековски, Александар Кржаловски, Гонце Јаковлеска, Сунчица Саздовска, Миодраг Колиќ и Даниела Стојанова.

Во тимот од ИСППИ беа вклучени Климе Бабунски, Анета Јовевска, Петар Атанасов и Емилија Симовска.

# ОДНОСОТ КОН ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ/ СЕКУЛАРНИТЕ ВРЕДНОСТИ

Истражувањето за односот кон традиционалните/ секуларните рационални вредности вклучува прашања, како развод, абортус, еутаназија и хомосексуалност. Вклучени се и прашања за домашното насилство, како и други прашања. За разбирање на контекстот во земјата е вклучено прашање за религиозноста на граѓаните.

**Графикон 1. Оправданост**




Граѓаните најмногу ги оправдуваат разводот (41,1 %) и абортусот (35,1 %), а најмалку самоубиството (2,4 %).

**Графикон 2. Оправданост**




Маж да си ја тепа сопругата не оправдуваат 96,9 % од граѓаните, а возрасните да ги тепаат децата не оправдуваат 93,1 % од граѓаните.

Половите разлики за важни родови прашања се релативно мали.

**Табела 1. Споредба на ставовите на мажите и на жените за важни родови прашања**

| | Мажи / не е оправдано | Жени / не е оправдано |
|---|---|---|
| **Развод** | 60,5 % | 57,4 % |
| **Абортус** | 67,3 % | 62,4 % |
| **Сексуална работа (проституција)** | 89,8 % | 95,1 % |
| **Хомосексуалност** | 92,3 % | 90,8 % |
| **Маж да си ја тепа жената** | 94,9 % | 99 % |

Етничките разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци и меѓу граѓаните од православна христијанска и од исламска вера се јавуваат кај сите ставови, а кај одредени ставови разликите се значајни.

**Табела 2. Споредба на ставовите на етничките Македонци и на етничките Албанци**

| | Македонци / не е оправдано | Албанци / не е оправдано |
|---|---|---|
| **Развод** | 53,5 % | 72,5 % |
| **Абортус** | 59,0 % | 79,8 % |
| **Хомосексуалност** | 90,1 % | 94,8 % |
| **Маж да си ја тепа жената** | 98,6 % | 91,5 % |
| **Возрасни да тепаат деца** | 97,3 % | 80,1 % |

Разликите во ставовите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, како и меѓу граѓаните од православна христијанска и од исламска вера, може да се објаснат со различниот степен на религиозност. За поврзаноста, види подолу во табелите 3 и 6.

Религиозноста влијае на одредени ставови. Граѓаните кои се религиозни и кои не се религиозни имаат многу слични ставови само за прашањата на самоубиство и сексуална работа (проституција). Граѓаните кои се религиозни помалку го оправдуваат разводот, абортусот, хомосексуалноста, еутаназијата. Граѓаните кои не се религиозни, помалку го оправдуваат домашното насилство.

**Табела 3. Споредба на ставовите на религиозните и на нерелигиозните граѓани**

| | Религиозни/ не е оправдано | Нерелигиозни/ не е оправдано |
|---|---|---|
| **Развод** | 61,9 % | 41,8 % |
| **Абортус** | 69,9 % | 48,9 % |
| **Хомосексуалност** | 93,8 % | 78,9 % |
| **Еутаназија** | 79,3 % | 60,8 % |
| **Сексуална работа (проституција)** | 93,1 % | 90,3 % |
| **Самоубиство** | 98,2 % | 95,8 % |
| **Маж да си ја тепа жената** | 91,9 % | 97,5 % |
| **Возрасни да тепаат деца** | 92,9 % | 94,5 % |

Местото на живеење исто така влијае на ставовите, со исклучок на самоубиството и домашното насилство каде нема значајни разлики во ставовите. Граѓаните на Скопје имаат поголемо одобрување на разводот, абортусот и хомосексуалноста.

**Табела 4. Споредба на ставовите на граѓаните од рурални подрачја и од градот Скопје**

| | Рурално/ не е оправдано | Скопје/ не е оправдано |
|---|---|---|
| **Развод** | 63,3 % | 46,2 % |
| **Абортус** | 71,3 % | 50,3 % |
| **Хомосексуалност** | 97 % | 78,9 % |
| **Еутаназија** | 80,1 % | 64,1 % |
| **Сексуална работа (проституција)** | 93,9 % | 87,4 % |

Наспроти очекувањата, не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

**Табела 5. Споредба на ставовите на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ**

| | ВМРО-ДПМНЕ/ не е оправдано | СДСМ / не е оправдано |
|---|---|---|
| **Развод** | 63,2 % | 57,6 % |
| **Абортус** | 66,1 % | 59,4 % |
| **Хомосексуалност** | 95,2 % | 88 % |
| **Еутаназија** | 79,6 % | 66,4 % |
| **Сексуална работа (проституција)** | 94,1 % | 92,2 % |
| **Маж да си ја тепа жената** | 98,7 % | 99,5 % |
| **Возрасни да тепаат деца** | 97,0 % | 98,2 % |

Иако се изјаснуваат како припадници на одредена религија, граѓаните кои се сметаат за религиозни се 83,3 %, а оние кои не се религиозни се 14,8 %. За атеисти се сметаат 1,1 %, а немаат одговор 0,8 %.

**Графикон 3. Дали сметате дека сте**




Некои од карактеристиките кои се поврзани со степенот на религиозноста се наведени подолу во табелата.

**Табела 6. Профил на повеќе и помалку религиозни граѓани**

| | Повеќе религиозни | Помалку религиозни |
|---|---|---|
| **Возраст** | 18-29 г. (85,7 %) | Над 65 г. (72,3 %) |
| **Етничка припадност** | Етн. Албанци (92,2 %) | Етн. Македонци (81,2 %) |
| **Вера** | Муслимани (90,4 %) | Правосл. христијани (81,3 %) |
| **Образование** | Незав. основно (93,1 %) | ВСС (75,7 %) |
| **Месечни примања** | Најниски (95,5 %) | Највисоки (82,5 %) |
| **Место на живеење** | Рурално (90,1 %) | Скопје (67,1 %) |

Наспроти очекувањата, повторно не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, од кои се религиозни 84,9 %, односно 79,2 %.

# Заклучоци

### 1. Македонија е традиционална или социјално конзервативна средина

Македонија во социјална или општествена смисла е релативно конзервативна средина. Поддршката на традиционалните вредности, односно неоправданоста, изнесува од 58,9 % за разводот, до 91,6 % за хомосексуалноста.

Тоа е потврдено и со Прегледот на светските вредности, односно во Македонија се зајакнуваат традиционалните вредности. Националниот индекс за традиционални/ секуларни вредности за Македонија се намалил од 0,31 во 1995 г., на 0,12 во 2000 година (за 2006 година нема податоци). Според Инглехарт–Велзел, културната мапа на светот, појаки традиционални вредности од Македонија во регионот имаат Босна и Херцеговина и Романија, додека другите имаат појаки секуларни вредности (вкл. Албанија, Бугарија и Србија). Во Европа најјаки традиционални вредности има во Полска.

### 2. Присутно домашно и генерациско насилство

Иако има мало малцинство граѓани кои оправдуваат насилство врз жената (3,1 %) и децата (6,9 %), бројноста на граѓаните кои тоа го оправдуваат бара понатамошно внимание за овие прашања. Внимание бара и релативно високото оправдување на насилство врз децата од 19,9 % кај етничките Албанци.

### 3. Мажите и жените со слични ставови за родовите прашања

Ставовите на мажите и на жените за родови прашања, вклучувајќи и абортус, се слични и не се разликуваат за повеќе од +/-5 процентни поени, со исклучок на сексуална работа (проституцијата).

### 4. Разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци

Постојат разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, кои се повторуваат меѓу христијаните од православна традиција и муслиманите.

Поддршка на традиционалните вредности изнесува од 53,5 % за неоправданост на разводот, до 90,1 % за неоправданост на хомосексуалноста кај етничките Македонци, споредено со 72,5 % до 94,8 % кај етничките Албанци. Разликата е најголема по прашањето на абортус (неоправданоста е за 20,8 процентни поени поголемо кај етничките Албанци), а најмала по прашањето на хомосексуалноста (разликата е 4,7 процентни поени).

Етничките разлики најверојатно се поврзани со влијанието на религиозноста на ставовите и со различната религиозност на етничките Македонци и на етничките Албанци.

### 5. Разлики за одредени прашања и слични ставови за други прашања меѓу религиозните и нерелигиозните граѓани

Религиозните граѓани ги поддржуваат традиционалните вредности, споредено со нерелигиозните граѓани. На пример, неоправданоста на разводот кај религиозните граѓани е повисока за 20,1 процентни поени. Покрај ваквите ставови, и двете групи имаат слични ставови за другите прашања, на пример во неодобрувањето на сексуалната работа (проституцијата).

### 6. Во Скопје најголема поддршка за прашањата за секуларните вредности

Поддршката за секуларните вредности е најголема во Скопје. На другата страна најмала е поддршката во руралните подрачја. На пример, неоправданоста на разводот кај граѓаните од Скопје е за 17,1 процентни поени помала од граѓаните во руралните подрачја.

### 7. Не постои значајна партиска (идеолошка) разлика

Не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

Меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ неоправданоста на абортус е 66,1 %, а меѓу симпатизерите на СДСМ, тоа е 59,4 %. Поголема разлика има само по прашањето за еутаназија.

И во религиозноста не постои значајна разлика меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, од кои се религиозни 84,9 %, односно 79,2 %.

### 8. Висока религиозност на граѓаните

Големо мнозинство на граѓаните, односно 83,3 %, сметаат дека се религиозни, за нерелигиозни се сметаат 14,8 %, а 1,1 % се атеисти.

## Библиографија

Inglehart R. (1977) **The Silent Revolution**. Princeton University Press.

Inglehart R., Baker W. (2000) **Modernization, Cultural Change and the Persistence of Traditional Values**. American Sociological Review.

Inglehart R. (2007) **National-level Value scores by country**. Available from web: http://margaux.grandvinum.se/SebTest/wvs/articles/folder_published/article_base_111 [Accessed Date 20/05/2009]